# Седница бр.22 – 24.04.2018 година во живо на YouTube

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги 22-та седница ја закажува за 24.04.2018 година (вторник), со почеток во 15:00 часот.

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на предлог-записник од 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 13.04.2018 година.
2. Предлог-информација до органот надлежен за авторските права и сродните права, поради сомневање дека е сторена нивна повреда.
3. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка: Одржување на хигиената во деловните простории на Агенцијата.
4. Разно.

---

# Вонреден административен надзор врз сите 124 радиодифузери

**Скопје, 20.04.2018г.** – Врз сите 124 радиодифузери коишто емитуваа радио и ТВ програма, Агенцијата изврши вонреден административен надзор со цел да утврди дали истите извршиле промена на сопственичката структура без да ја известат Агенцијата и од истата да им биде одобрена промената .

Надзорот покажа дека ниту еден од радиодифузерите не извршил

промена на сопственичката структура без да ја извести Агенцијата и истата да биде одобрена од Агенцијата.

Извештајот од надзорот е достапен на следниот линк

---

# Редовен програмски надзор врз Македонски Телеком

**Скопје 20.04.2018г. –** Агенцијата изврши редовен програмски надзор врз работата на Давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање Макеоднски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации – Скопје, за обврските за кинематографски дела ; заштита на малолетните лица и промоција на производството и пристап до европски дела.

При извршениот надзор не се констатирани прекршувања на законските одредби.

Извештајот може да се преземе на следниот линк

---

# Извршен контролен надзор врз МРТ 2

**Скопје, 20.04.2018г. –** Со контролниот надзор врз Вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска Радиотелевизија Скопје – МРТ 2, емитуван на 10 април 2018 година , Агенцијата констатираше дека не е постапено по претходно издаденото решение за

изрекување мерка-опомена, односно не е исполнета обврската за дневно емитување на 60% изворно создадена програма во РМ.

Извештајот е достапен на следниот линк

---

# Редовен административен надзор врз сите радиодифузери коишто емитуваа радио и ТВ програма во 2017 година

**Скопје, 20.04.2018г. –** Агенцијата изврши редовен административен надзор врз сите радиодифузери коишто емитуваа радио и ТВ програма во 2017 година со цел да утврди дали ја исполниле обврската од Законот за медиуми, според кој се должни до Агенцијата да доставaт писмен извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување, а особено за спроведувањето на програмскиот концепт, најдоцна до 31 март во тековната година.

Со извршениот надзор е констатирано дека 80 радиодифузери ја исполниле законската обврска, додека законската обврска не ја исполнија 43 радиодифузери, односно: РА 106, РА Акорд, РА Антена 5, РА Б – 97, РА Балкан ФМ, РА БИ-КИ-АЛ, РА Буба Мара, РА Енџелс ФМ, РА Фортуна, Хит Радио, РА Капитол ФМ, РА Клуб ФМ, РА Кочани, Лајф Радио, РА Ла Коста, РА МЕФ, РА Пела, РА ПРО ФМ, РА РФМ, Сити Радио, Скај Радио Плус, РА Слободна Македонија, Супер Радио, Универзитетско Радио УГД ФМ, РА Ускана, РТВ Дрини, ТВ Алсат – М, ТВ Арт Чаннел, ГТВ-Телевизија, ТВ Гурра, ТВ Калтрина, ТВ Канал 21, ТВ Канал Вис, ТВ Кобра, ТВ Морис, Наша ТВ, ТВ Орбис, ТВ Плус, ТВ Шутел, ТВ

Сител 2, ТВ Топ Естрада, ТВ Ускана Медиа, ТВ Ускана Еден.

**Извештаите можат да се преземат на следните линкови:**

Општ извештај – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

РА 106 – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

РА Акорд – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

РА Антена 5 – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

РА Б – 97 – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

РА Балкан ФМ – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

РА БИ-КИ-АЛ – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

РА Буба Мара – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

РА Енџелс ФМ – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

РА Фортуна – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

Хит Радио – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

РА Капитол ФМ – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

РА Клуб ФМ – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

РА Кочани – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) –

19.04.2018

Лајф Радио – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

РА Ла Коста – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

РА МЕФ – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

РА Пела – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

РА ПРО ФМ – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

РА РФМ – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

Сити Радио – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

Скај Радио Плус – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

РА Слободна Македонија – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

Супер Радио – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

Универзитетско Радио УГД ФМ – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

РА Ускана – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

РТВ Дрини – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

ТВ Алсат – М – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

ТВ Арт Чаннел – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) –

19.04.2018

ГТВ-Телевизија – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

ТВ Гурра – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

ТВ Калтрина – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

ТВ Канал 21 – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

ТВ Канал Вис – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

ТВ Кобра – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

ТВ Морис – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

Наша ТВ – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

ТВ Орбис – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

ТВ Плус – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

ТВ Шутел – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

ТВ Сител 2 – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

ТВ Топ Естрада – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

ТВ Ускана Медиа – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

ТВ Ускана Еден – (член 15 став 5 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

# Административен надзор врз сите 124 радиодифузери

**Скопје, 20.04.2018г.** – Согласно Годишниот план за административен надзор во 2018 година, врз сите 124 радиодифузери коишто емитуваат радио и ТВ програма, извршен е редовен надзор за обврската на радиодифузерите до 31 март 2018 година, на посебен образец пропишан од Агенцијата да достават податоци за сопственичка структура; уредништво; извори на финансирање и остварени приходи и расходи во 2017 година.

Надзорот покажа дека оваа законска обврска не ја исполниле РТВ Орбис Битола, Скај Радио Плус Берово, ТВ Гурра Кичево и Радио Лав Охрид.

Извештаите од извршените надзори се достапни на линковите во прилог:

Општ извештај за 124 радиодифузери (член 15 став 1 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

Скај Радио Плус Берово (член 15 став 1 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

ТВ Гурра Кичево (член 15 став 1 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

Радио Лав Охрид (член 15 став 1 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

РТВ Орбис Битола (член 15 ста 1 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

# Редовен административен надзор врз издавачите на печатени медиуми

**Скопје, 19.04.2018г.** – Агенцијата спроведе редовен административен надзор врз 25 издавачи на печатени медиуми, со цел да констатира дали до 31 март 2018 година објавиле податоци за сопственичката структура, односно податоци за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот  и податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување.

Единствено издавачот на месечниот магазин Порта 3 не је исполнил оваа законска обврска.

**Извештаите можат да се преземат на следните линкови:**

Општ извештај – (член 15 став 2 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

Порта 3 – (член 15 став 2 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

# Редовен административен

# надзор врз сите радиодифузери коишто емитуваат радио и ТВ програма

**Скопје, 19.04.2018г. –** Врз сите 124 радиодифузери, Агенцијата изврши редовен административен надзор со цел да утврди дали ја исполниле обврската од Законот за медиуми, според која се должни податоците за сопственичка структура, уредништво и за изворите на финансирање во 2017 година , да ги објават на програмата најдоцна до 31 март 2018 година, а снимката од објавата да ја достават до Агенцијата во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

Со извршениот надзор е констатирано дека 122 радиодифузери ја исполниле законската обврска, додека РТВ Орбис од Битола и Телевизија КАНАЛ – 21 од Велес не ја исполниле.

**Извештаите можат да се преземат на следните линкови:**

Општ извештај за 124 радиодифузери – (член 15 став 3 од Законот за медиуми) – 19.04.2018
РТВ Орбис – (член 15 став 3 од Законот за медиуми) – 19.04.2018
ТВ КАНАЛ-21 – (член 15 став 3 од Законот за медиуми) – 19.04.2018

---

# Мерки-опомена за ТВ Арт

# Чаннел и Телевизија Нова

**Скопје, 18.04.2018г. –** Врз основа на редовен административен надзор врз Телевизија Нова и констатирано непочитување на обврската за објава на информации коишто треба да се направат достапни до корисниците, на овој радиодифузер му е изречена мерка-опомена .

Мерка-опомена е изречена и на ТВ Арт Чаннел, поради непочитување на обврската за заштита на малолетни лица, при емитувањето на епизодата „Виолинист“ од серијата „72 Hours true crime“, емитувана на 14 март 2018 година.

На двата радиодифузери им беше наложено во рок од 30 дена од денот на добивање на Решенијата за изречени мерки, да го усогласат своето работење согласно законските одредби.

**Изречените мерки се достапни на следните линкови:**

ТВ Арт Чаннел – (член 50 став 3 од ЗААВМУ) – 18.04.2018
Телевизија Нова – (член 51 став 1 од ЗААВМУ) – 18.04.2018

---

# Брисел ја нотираше проактивноста на Агенцијата

**Скопје, 18.04.2018г. –** Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги продолжи да биде проактивна во потсетувањето на медиумите на нивните правни обврски и да ја зајакнува својата соработка со граѓанските организации, оцени Европската комисија во најновиот Извештај за напредокот на Република Македонија .

„Во неколку случаи, регулаторот и медиумските асоцијации

продолжија да реагираат на потпалувачки, дискриминаторски и говор на омраза, како и за непрофесионално новинарско известување“, стои во Извештајот.

Исто така, во документот е нотирано дека регулаторот иницираше формирање на мрежа за медиумска писменост во којашто се вклучени различни субјекти од јавниот и граѓанскиот сектор. Притоа, Комисијата наведува дека е потребно да се развие посистематски пристап и соработка помеѓу чинителите во медиумската сфера и дигитална писменост.

Во однос на финансирањето на јавниот радиодифузен сервис, на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Македонска радиодифузија од Буџетот на Република Македонија, Европската комисија препорачува да не се доцни со трансферите на средства.

Агенцијата, како и досега ќе продолжи доследно да ги применува меѓународните и домашните законски прописи и да делува проактивно на полето на унапредување и подигање на новинарските стандарди, медиумската писменост и да се залага за применување на европските вредности и практики во македонската аудиовизуелна област.